# документи и материјали

УДК. 325. 25 (82 : = 866) (093.2)

Михајло МИНОСКИ

## НЕКОЛКУ ДОКУМЕНТИ ЗА ИСЕЛУВАЊЕТО И МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ ВО АРГЕНТИНА ОД 1907 И 1911 ГОДИНА

Прашањето за иселувањето, положбата и организирањето на македонските иселеници во Аргентина досега не беше предмет на проучување од нашата историска наука. Систематското научно проучување и осветлување на ова комплексно и мошне значајно прашање беше и останува лимитирано од нерасполагањето со изворна документација и други релавантни податоци.

Овие неколку документи што ги презентираме се само обид да се сврти вниманието на научната и пошироката јавност на предметнава проблематика.

Докоментите се подредени според тематиката.

Првиот документ, иако директно не се однесува исклучиво на иселувањето во Аргентина туку општо во Америка, во земјите на двата континента, е вклучен за да се покаже масовноста на иселувањето од Македонија во годините непосредно по Илинденското востание со сите последици од тоа. Самиот факт што највисоката централна власт на Османлиската држава била присилена, со посебен акт, да го ограничи иселувањето во Америка е најмериторна потврда за масовноста на иселувањето и разорното дејство на стопанството на Македонија, за крајно влошување на материјалната положба на македонскиот народ, посебно во оние делови каде востанието беше најмасовно.

Вториот документ е писмо од Буенос Аирес од бугарски иселеник напишано од името на бугарските и македонските иселеници во Аргентина во кое се отсликува нивната тешка положба и трагични судбини по доселувањето. Веродостоен докумен за тоа дека биле изманипулирани и ограбени жртви не само на многубројните посреднички агенции туку и од некои од иселениците во Аргентина. Писмото било упатено да се објави, да му се даде гласност во бугарскиот печат, за да послужи како предупредување и поука за сите што се подготвувале на пат во иселеништво.

Тоа е и документ кој потврдува дека во земјите на американските континенти, во конкретниот случај во Аргентина, се иселувале и Македонци од Бугарија, од редот на многубројните бегалци.

Третиот документ е Уставот на првата политичка организација на македонските иселеници во Аргентина, под име Македонско-

Одринско братство. Документот упатува на заклучок дека иницијаторите за организирање и основачи на Братството биле активни учесници во македонското национално-ослободително движење и во Илинденското востание. Тоа се потврдува во првиот член на Уставот каде се определува целта на дејствувањето: да ги организира и обедини иселениците Македонци во Аргентина за помагање на револуционерното ослободително дело во татковината. Притоа се сметало и на сите иселеници од Македонија кои го симпатизирале македонското ослободително дело „без разлика на вера и националност".

Док. 1

Српскиот генерален конзул од Скопје ја известува владата во Белград за мерките на Османлиската држава за ограничување на иселувањето од Македонија во Америка.

Кралски српски генерални конзулат
ПП бр. 1433/ 28.XII.1907

До

Господинот Никола Пашиќ,
Претседател на министерскиот совет
и министер на надворешните работи
Белград

Имам чест да Ви соопштам дека сум информиран од сигурен извор дека е издадено ираде со кое се ограничува иселувањето во Америка.

Засега ми се познати само две најважни одредби:

1. Забрана на агенциите за иселување.

2. Се забранува земање во залог имоти: стока и земјиште, како гаранција за позајмениот патен трошок на иселеници.

Кога ќе разберам за другите одредби ќе имам чест истите да Ви ги соопштам.

Повелете господине министре примете уверување за моето одлично почитување.

Жив(оин) Балугџиќ
/АМ - МИП ППО ф У, 310, 1907. М 785/.

Док. 2

Писмо од Буенос Аирес за положбата на бугарските и македонските иселеници во Аргентина.

ВЕЧЕРНА ПОШТА, Бр. 3440
Кореспонденција на „Вечерна пошта"
Гр. Буенос Аирес, 13.III.1911

Господине редакторе,

Ве молам да му дадете соглсност во вашиот весник на ова што го изнесувам во моево писмо за бугарската влада да преземе најсериозни мерки против дозволувањето други наши браќа: Бугари и *Македонци* (подвлекол-ММ) да доаѓаат во Америка, бидејќи доаѓањето овде значи упропастување на животот. /Овде/ има многу наши браќа кои буквално умираат од глад.

При пристигнувањето во Буенос Аирес ги дочекува емиграцијата и ги држи осум дена на прехрана. Потоа ги испраќа со железница на заточение, така што ни по 3-4 дена не можат да се вратат назад. Има примери некои од нив да ги испратат, а таму не нашле работа. Без пари да се вратат цели 20 дена патувале гладни и жедни по пустите аргентински полиња.

Ние се излагавме и дојдовме овде. Сакаме да се вратиме во Бугарија, но не можеме затоа што „нагоре е високо, надолу длабоко".

Да не се лажат други наши браќа. Да не ги слушаат агентите (на иселеничките агенции-ММ) експлоататори кои го лажат народот, како што агентите од Ловеч измамија толку многу момчиња кои беа регрутирани и откако им зедоа по 22 наполеони, ноќе ги префрлија преку граница, а потоа во Белград им дадоа стари турски пасоши и сега во Америка гладуваат.

Обрнете ѝ најсериозно внимание на бугарската влада да ги запира сите наши браќа што тргнале за Америка.

Со почитување,

Димитар Георгиев,
Од с. Галово, Ораховска околија.

Д-р С. Табаковъ, Емигрантскиятъ въпросъ.
Приносъ къмъ българското емигрантско
дѣло, Цариградъ, 1911, с. 210

Док. 3

## УСТАВ
## НА МАКЕДОНСКОТО-ОДРИНСКОТО БРАТСТВО
## ВО БУЕНОС АИРЕС

Чл. 1

Македонско-Одринското братство има за цел да помага на политичките затвореници и на револуционерното дело во Македонија и Одринско.

Забелешка: Ќе им помага и на членовите во случај на несреќа.

Чл. 2

За членови на братството се бираат сите оние што го симпатизираат делото и ќе работат согласно со Уставот без разлика на верата и народноста.

Чл. 3

Секој член по неговиот прием е должен да уплатува членарина од по 50 центи месечно.

За уплатениот износ веднаш добива расписка потпишана од касиерот, заверена со печат на „братството".

Чл. 4

Членот на братството има право да бира и да биде биран по месечно редовно членство.

Забелешка: Членовите имаат право да свикаат вонредно собрание само на барање од 3/4 од членството што живее во градот.

Чл. 5

Братството избира управа: претседател, касиер, секретар, советници и контролна комисија.

Чл. 6

Должностите на управата

а) Претседател:

- Ги води работите на братството,
- Свикува собранија и води агитација.

б) Потпретседател*:

Ги има истите должности како и претседателот.

в) Касиерот е одговорен за благајната и за собирање на редовните членски влогови.

г) Секретарот е должен да ги води административните работи.

д) Контролната комисија има за задача да ја контролира благајната и работата на Управата.

Чл. 7

Никој член од Управата нема право да издава документи без знаење на Управата.

Забелешка: Сите документи и писма задолжитлно се потпишуваат од претседателот.

Чл. 8

Управата е должна да се состане барем еднаш во седмицата, да утврдува дневен ред за општите собранија откако претходно за тоа ќе го извести членството. На секои шест месеци дава отчет за бројот на братството и за финансиската состојба.

Чл. 9

Ако некој член на управата не присуствува на три собранија по ред или не работи според уставот, управата е должна веднаш да свика вонредно собрание за негово сменување или исклучување.

Чл. 10

Оставка не се прифаќа од никого додека му трае мандатот ако за тоа нема оправдана причина.

Чл. 11

Собранието може да работи само ако на истото присуствуваат повеќето од половината од членовите што живеат во градот.

Чл. 12

Кога некој од членовите на братството ќе замине во родниот крај, управата му дава општа расписка за сумата што ја внесол.

Чл. 13

Управата ќе води белешки за односот на сите Македонци кои се членови и за тие што не се за нивниот однос спрема братството и мислење ќе испраќа до Македонско-Одринскиот Централен Комитет.

---

* При печатењето во чл. 5 е испуштено потпретседател пред касиер.

Чл. 14

Братството, во краен случај, е должно архивата и благајната да ги предаде на Централниот Македонско-Одрински комитет во Бугарија или во Македонија.

Чл. 15

Братството е должно една третина од членските уплати да ги испраќа на Централниот Македонско-Одрински Комитет.

Чл. 16

Помошта за затворениците ќе се испраќа директно во затворите.

Чл. 17

Благајникот нема право да чува повеќе од дваесет песи. Останата сума се внесува во некоја кредитна установа од страна на претседателот.